Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13,42/14, 44/15, 129/15 и 39/16), Министерот за животна средина и просторно планирање, на ден 28.12. 2016 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Просторен план за Национален Парк Пелистер кој го донесува Собранието на Република Македонија потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Просторен план за Национален Парк Пелистер се определуваат следните: Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура, Министерството за здравство, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, и општините кои влегуваат во опфатот на Национален Парк Пелистер: Општина Битола и Општина Ресен како и ЈУ Национален Парк Пелистер.
3. За планскиот документ Просторен план за Национален Парк Пелистер, за чија изработка е одговорно Министерството за животна средина, а го донесува Собранието на Република Македонија, донесувањето на планскиот документ Просторен план за Национален Парк Пелистер ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: Биодиверзитет, почва, вода, воздух, климатски фактори, пејзаж, културното и природното наследство, населението, човековото здравје, социо-економскиот аспект.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање на следната веб адреса/и: www.moepp.gov.mk.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 15-7277/1
28.12.2016
Место, Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ * СКОПЈЕ *

**МИНИСТЕР**

**Bashkim Ameti**

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Просторен план за Национален Парк Пелистер |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Собрание на Република Македонија |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Агенција за планирање на просторот |
| Назив на работното место | Директор |
| Контакт податоци за лицето | тел. 2 3227 244 |

| Основни податоци за планскиот документ |
| --- |
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) , Закон за спроведување на Просторниот план на РМ ("Службен весник на РМ" бр.39/2004) и Просторен план на РМ ("Службен весник на РМ" бр.39/2004) |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| Да☒<br>Не☐ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| Просторен План за Националниот Парк Пелистер донесен од страна на Собранието на Република Македонија од 1986 година кој не е повеќе актуелен бидејќи состојбите во просторот се изменети, во поглед на границите на просторот, урбанизацијата, режимот на заштитата, дефинирање на заштитните зони и друго. |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Да - Просторно и урбанистичко планирање |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Да☒<br>Не☐ | Член: 3 | Точка: 13 | Алинеја: |

| |
| --- |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| Не |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Не |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Разработка на Просторниот план на РМ, преку изработка на Просторен план за Национален Парк Пелистер, кој претставува долгорочна стратегија за уредување и користење на просторот на Паркот и кој дава насоки за намената, користењето, заштитата, организацијата, уредувањето и управувањето со просторот и заштита на животната средина и задравјето на луѓето. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 2017/2018 год. |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| 15 години (определено со Закон за ПУП) |

| |
|---|
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Просторен план за Национален Парк Пелистер е еден од трите Национални паркови во Република Македонија.<br>Неговата територија е 17.150 хектари на надморска висина од 927 до 2.601 метар која се совпаѓа со границите на заштитеното подрачје на НП Пелистер утврдени со Законот за прогласување на дел од планината Пелистер за национален парк (Сл. Весник на РМ бр. 150/07) |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Просторниот план претставува инструмент за уредување на намената, користењето, заштитата, организацијата и управувањето со просторот на Паркот. Неговата функција, покрај тоа што е да обезбеди рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот, одржлив развој, пред се е заштита и унапредување на животната средина и природата, како и заштита на недвижното културно наследство и заштита од природни и технолошки катастрофи и хаварии. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Просторен план за Национален Парк Пелистер има позитивно влијание заради тоа што претставува стратешки развоен документ кој е ориентиран кон решавање на проблемите предизвикани како последица на досегашните развојни процеси. Планот обезбедува услови за организација и уредување на просторот, воспоставување на координација на примарните, секундарните терцијалните и јавните дејности, нивна локација и алокација во просторот. Обезбедува заштита, унапредување на природните и рационално користење на создадените добра во Паркот. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Просторниот план на НП Пелистер ги дефинира насоките, мерките и условите за обезбедување хармоничен, рамномерен и одржлив просторен развој.<br>Тој треба да овозможи усогласување на интересите на различните корисници на просторот и да ја оформи рамката за дефинирање на стратегијата на севкупниот развој. Планските поставки треба да создадат основа за меѓусебно усогласување на развојните интереси на управувачките структури, до донесување на конечни одлуки за користењето на просторот. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Просторниот план на НП Пелистер е оддалечен 10 километри од границата со Република Грција и врз основа на суштината |

| | |
|---|---|
| | на планскиот документ, неговата реализација нема да предизвика прекугранични влијанија. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Сите ризици ќе бидат предмет на анализа при изработката на Планот како и во извештајот од спроведената постапка за стратегиска оцена на влијанијата од спроведувањето на Планот |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Опфат - 17.150 хектари ; население - 1640 жители од кои 98 жители во едно населено место во рамките на Паркот (с. Маловиште) и 1542 жители во населените места кои граничат со НП Пелистер (с. Кажани, с. Ротино, с. Цапари, с. Магарево, с. Трново, с. Дихово и с. Нижеполе) - податок од пописот во 2002 година. |

| |
|---|
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: |
| Концептот за развој на стопанските активности и нивна дистрибуција поаѓа од основната цел за одржлив економски развој поставен врз принципите на заштита на животната средина и природните вредности на Паркот и пошироко.<br>Планот има за цел да ги дефинира мерките за интегрален туристички развој (зимски, летен, еко, здравствен и селски туризам), преиспитување на насоките за интегрален третман на природните ресурси во функција на туристичката понуда и социоекономски развој.<br>Планот има за цел и да работи на создавање на услови за рационална организација на просторот и користење на земјиштето и нивна меѓусебна поврзаност.<br>Планот треба да обезбеди услови за оптимално функционирање на постојните и планираните инфраструктурни системи, населби, производни капацитети и други системи. |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Планскиот документ има за цел да ги заштити вредностите на Паркот. |

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | НП Пелистер е природен простор со висока вредност потврдена преку исклучително богатство на биодиверзитетот и уникатност на екосистемот, искажани со присуство на ендемски и реликтни растителни и животински видови. Пелистер е станиште на 29% од вкупната дендофлора на Македонија, во рамките на која посебно место и значење има моликата - автохтон вид на петоигличест бор со терциерна старост кои што расте само на неколку планини на Балканскиот |

| | |
|---|---|
| | полуостров.<br>Предметниот простор претставува територија во која влегуваат сакрални недвижни добра, археолошки локалитети и културни предели. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Животната средина во Планот ќе биде обработена во посебно поглавје, со подпоглавја за Квалитет на воздух, Квалитет на води, Квалитет на почви, Бучава и Отпад, природно и културно наследство. Согласно тоа во сите медиуми, стандардите за квалитетот ќе бидат запазени, со цел вредностите да бидат под гранчните. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Со Планот ќе биде извршено зонирање на просторот и утврдување на намената и режимот на заштита. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Планскиот документ наложува почитување на законската регулатива која е во функција на заштита и управување со овие подрачја. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Просторниот план за НационаленП Парк Пелистер претставува разработка на Просторниот план на РМ и претставува основна рамка за изработка на урбанистичко-планска и друга документација од пониско ниво.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Функцијата на овој плански документ е да дава насоки за изработката на планската документација од пониско ниво, односно проектите кои ќе треба да се изведуваат, во однос на можните влијанија врз животната средина, во смисла на редуцирање на ризиците како и утврдување на правците за управување со паркот.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Самата суштина на просторниот план е да даде основа за одржлив развој со посебен акцент на заштитата на животната средина.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши

или намали.)

Во однос на еколошките проблеми најмногу треба да се внимава при реализирањето на покрупните проекти, како изградба на објекти, изведбата на сообраќајната и енергетската инфраструктура, експлоатацијата на минералните суровини, водостопанската инфраструктура, стопанисувањето со шумите, туризмот и сл. Во таа смисла потребно е да се почитуваат одредбите од Планот чија цел е намалување на негативните ефекти како и унапредување на состојбите во паркот.

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

Просторениот план за Национален Парк Пелистер претставува разработка на Просторниот план на РМ и во рамките на урбанистичко-планската документација е документ од највисока категорија на просторна заштита.

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.

Претходните документи не биле предмет на оцена.

Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).

Планот дава основа за изработка на урбанистичко-планска документација од понизок ред, која ќе биде подложена на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, во постапка на донесување.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Министер<br>Bashkim Ameti |
| Датум __________2016 год.<br>Место Скопје | РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ<br>М.П. |